Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на ден од дневни настани 23.01.2020

На 23.01.2020 во 01.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Московска" го лишиле од слобода П.Ш.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.01.2020 во 12.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Вангел Тодоровски" ги лишиле од слобода Г.Г.(40) и М.М.(31), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај них била пронајдена марихуана и пракшката материја. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.01.2020 во 08.00 часот на ул.„Македонски гемиџии" во Битола, патничко возило „рено меган", со битолски регистарски ознаки, управувано од Ф.Т.(27) од Битола, удрило во пешачите П.Н.(65) и К.Н.(63), двајцата од Битола. Во незгодата пешачите се здобиле со тешки телесни повреди, по што биле пренесени во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Битола.

Полициски службеници од СВР Битола на 22.01.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, регистрирани возила, непочитување правенство. Притоа, констатирано е дека двајца возачи управувале нерегистрирано возило, пет возачи управувале со мобилен телефон додека управувале возило, а двајца возачи не поседувале возачка дозвола. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 22.01.2020 во 16.30 часот во Полициската станица Аеродром, В.Г.(33) од Крива Паланка приајвил дека во близина на железничкиот надвозник бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 22.01.2010 во 10.00 часот на излез од подземниот паркинг на Трговскиот центар Капиштец и сервисната улица која ги поврзува улиците „Народен фронт" и „Васил Гиргов" во Скопје, едно возило удрило во пешакот Е.Р.(80) од Скопје, по што го напуштило местото на незгодата. Во незгодата, Е.Р. се здобила со тешки телесни повреди, по што била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

По текот на 22.01.2020 на подрачјето на СВР Скопје од сообраќај се исклучени: еден возач затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило и едно возило бидејќи било нерегистрирано. Санкционирани се и двајца поради поминување коловоз вон пешачки премин. По текот на изминатиот ден, 56 возила се подигнати со специјално возило „лајак".

На 22.01.2020 во 13.45 часот во Полициската станица Чаир, И.Л.(63) од Скопје приајвил дека на ул.„Ѓоре Ѓоревски" бил каснат од куче скитник во пределот на левата надколеница.

На 23.01.2020 во 06.27 часот во СВР Скопје било приајвено дека во казино на бул.„Партизански одреди" пет лица со закана со пушки и пиштоли од вработените ги одделе парите од дневниот промет, по што избегале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево, до надлежното Јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против С.Х.(24) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Кај него, при извршен преглед, била пронајдена и одземена кеса со хероин.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Р.С.(55) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Приајвениот, како директор на Државниот инспекторат за земјоделство, во 2014, на узурпирани земјоделски катастарски парцели на подрачје на с.Пепелиште, неготинско, го потпишал известувањето жетвениот процес да биде извршен во три дена 25, 26 и 27.06.2014, на површина од околу 35 хектари. После тоа, во ДОО „Агроинвест" Прилеп биле складирани вкупно 29.510 кг. јачмен, по што при проверките е констатирано дека жетвата не е спроведена согласно законските регулативи, односно во евиденциите на инспекторатот не постоела договор за жетва, договор за транспорт, договор за складирање и чување на јачмен, податоци за оконеана површина и количина на оконеаната жетва. Приајвениот, не вршејќи должен надзор, не ги евидентирал количините на јачмен и овозможил стекнување на противправна имотна корист за други, во износ од 700.000 денари, за која сума го оштетил Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство Скопје.

СВР Охрид, до надлежното Јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против Б.С.(52) од охридското село Лескоец поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „телесна повреда" и „неизвршување на судска одлука". Тој, на 17.12.2019 во семејниот дом, непочитувајќи го решението од Основниот суд Охрид со изречени привремени мерки на заштита од семејно насилство, физички го нападнал неговиот малолетен син.

На 22.01.2020 во 11.00 часот, врз основа на судска наредба, бил извршен претрес во деловен објект на ул.„Беласица" во Скопје. При претресот во објектот биле затекнати 14 лица од Р.Турција со нерегулиран престој, согласно член 147 од Законот за странци. Лицата биле лишени од слобода и предадени на полициски службеници од Полициска станица Гази Баба за понатамошна постапка.

На 22.01.2020 од 10.00 до 15.00 часот, СВР Тетово - Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово спроведе локална сообраќајно-контролна акција. Во акцијата биле откриени 114 возила со непрописно затемнети стакла, од кои на 106 возила возачите сами ги отстранале фолиите. При контролата, исто така, откриени се пет возила со истечена регистрација, пет лица ги управувале возилата без положен возачки испит, двајца возачи користеле мобилен телефон додека управувале возило, шест возила биле непропислно паркирани и други видови прекршоци. Сите прекршители законски се санкционирани. во зависност од видот на констатираните прекршоци.

На 22.01.2020 во 21.10 часот во Полициската станица Струмица, Д.М.(24) од Струмица приајвила дека околу 18.45 часот во близина на спортската сала „Партизан" во Струмица и се доближило едно лице и почнало да ја допира по телото, по што побегнало. Во 22.45 часот, полициски службеници од Полициска станица Струмица на пошетарот во Струмица го препознале лицето и при обид да го лишат од слобода, тој физички нападнал еден од полициските службеници и побегнал. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето и расчистување на случајот.

На 22.01.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје, Б.Ј.(41) од с.Арачиново, скопско, приајвил дека околу 19.00 часот на бул.„АСНОМ",бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.01.2020 во 15.35 часот во Полициската станица за граничен надзор Пехчево било приајвено дека во атар на с.Дворците, беровско, настанал пожар. Во 18.00 часот пожарот бил локализиран од екипи на Територијалната противпожарна единица Берово и Шумско стопанство на Пехчево и Берово.

На 22.01.2020 во 06.42 часот во СВР Скопје било приајвено дека околу 06.20 часот настанал пожар во куќа на ул.„Горно Лисиче", сопственост на И.Г.(35) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 22.01.2020 во 11.50 часот било приајвено дека пред трговски центар во Кочани Б.И.(47) од Кочани се полил со бензин и се самозапалил, по што бил пренесен во ЗЗУ Кочани каде му биле констатирани тешки телесни повреди (изгаренци), а потоа бил префрлен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на Одделението за внатрешни работи Кочани.

На 22.01.2020 во 15.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Р.П.(80) од Скопје приајвил дека од домот се оддалечил неговиот син К.П.(56). Според приајвеното, причина биле семејни проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 22.01.2020 во 22.30 часот во СВР Скопје, Е.А.(18) од Скопје приајвил дека околу 21.45 часот на ул.„Кеј 13 Ноември" три лица физички го нападнале и се обиделе да му одземат пари и часовник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(72) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 21.12.2019 во семејниот дом на ул. „Ван Вардарска" во Тетово, приајвениот физички ја нападнал неговата сопруга, нанесувајќи и повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Ф.П.(28) од Крива Паланка, поради постоење основи на осомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 08.12.2019 во семејната куќа приајвениот, по претходна расправија и под дејство на алкохол, физички ја нападнал својата вереница и й нанел повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против М.С.(57) од с.Конопница, кривопаланечко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 02.01.2020 пред семејниот дом, приајвениот, кој бил под дејство на алкохол, со тврд предмет физички ја нападнал неговата сопруга Л.С.(53), а го навредувал и неговиот син И.С.(26).

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Б.(27), В.Б.(21), двајцата од Тетово, Ј.А.(20) од с. Селце и Е.А.(26) од с.Пирок, општина Боговиње, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 27.11.2019 кај Камен мост на ул.„Ленин" во Тетово, приајвените физички ги нападнале В.О.(22), Ф.М.(22) и Б.Л., сите од Тетово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Р.С.(56) од Горне Петров – Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 27.08.2019 во викендичка во с.Сенце, гостиварско, сопственост на приајвениот, полициски службеници извршиле претрес, при што пронашле и одзеле ловна пушка „црвена застава" калибар 12 мм и ловен патрон со калибар 12 мм, за кои не поседувал дозвола. По извршеното вештачење било утврдено дека ловната пушка била во сопственост на лице од с.Матеје, општина Липково и дека предмет на кривично дело „кражба".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.И.(65) од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 27.12.2019 во простории на фирма во Крива Паланка, полициски службеници извршиле претрес, при кој пронашле и одзеле 780 парчиња пиротехника, кои приајвениот неовластено ги набавил.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.Д.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 29.10.2019 во казино во Скопје приајвениот се обидел физички да нападне лице вработено како обезбедување, кое извршувало работни обврски.

На 22.01.2020 во 12.00 часот на ул.„Кеј Вардар" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го приведе М.А.(34) од Гостивар, кој се барал за дојаждување на затворска казна. Набргу потоа, Ф.А. бил предаден во Казнено-поправната установа „Идризово" во Скопје.

На 22.01.2020 околу 12.10 часот на ул.„Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода И.Б.(48) од гостиварски Равен, кој претходно извршил тешка кражба во патничко возило „голф", со гостиварски регистарски таблици, сопственост на А.А.(31) од с.Ариевци. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот, против И.Б. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.01.2020 околу 18.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.С.(50) од нас. Шуто Оризари - Скопје приајвил дека од дома заминала неговата керка А.С.(14). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.